**Добиени мислења и коментари**
**од јавната расправа во врска со изработката на**
**Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиски програмски сервиси за време на изборни процеси**
**и ставот на Агенцијата**

Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 196/15), кој стапи на сила на 10 ноември 2015 година, во членот 76-в од Законикот додава нов, осми, став според кој: „Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е должна во рок од 60 дена од денот на донесување на овој законик да донесе Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси и електронските медиуми (интернет порталите) за време на изборните процеси и истата ја објавува на својата веб страница“.

Стандардната методологија на Агенцијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку програмите на радиодифузерите беше усогласена со ноемвриските измени на Изборниот законик, и беа преземени активности за да се утврди опфатот и начинот на мониторинг на електронските медиуми (интернет порталите). Бидејќи се покажа дека не постојат предуслови да се врши мониторинг на изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет порталите), Агенцијата на 15 декември 2015 година објави став дека нема да врши мониторинг врз електронските медиуми и започна јавна расправа по текстот на Нацрт-методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиски програмски сервиси за време на изборни процеси

Рокот од 60 дена за донесување на Методологијата истекува на 8 јануари 2016 година, и со оглед на овој кус рок, јавната расправа траеше до 27 декември 2015 година и до нејзиното завршување не пристигнаа предлози ниту сугестии. По завршувањето, на 29 декември 2015 година, Центарот за развој на медиуми достави Забелешка во врска со Нацрт - Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиски програмски сервиси за време на изборни процеси (наш бр. 03-723/1 од 29.12.2015г.).

I. Забелешка во врска со Нацрт - Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиски програмски сервиси за време на изборни процеси (наш бр. 03-723/1 од 29.12.2015г.).

**Забелешка 1**: *Агенцијата треба да го допрецизира делот според кој во примерокот за мониторинг на изборната кампања во првиот круг нема да бидат опфатени „Телевизиските програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва на регионално и локално ниво кои не известуваат за изборните кампањи или тоа го прават во многу мал обем“.*

**Мислење по забелешката**: Се прифаќа. На соодветното место се додава следново допрецизирање: „Вообичаено радиодифузерите кои не ја покриваат кампањата ја известуваат Агенцијата за тоа, или пак станува збор за мали ТВ станици кои немаат свои вести или вестите им траат до 15 минути и за кои со мониторинзите од претходните изборни процеси се утврдило дека прилозите и за активностите на учесниците во изборната кампања и за активностите на претставниците на власта не достигнуваат ниту два часа во текот ан целата кампања“.

***Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги***